Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

102 години

Број 567 www.mchamber.mk 17.05.2024

## ПРАКТИЧНАТА ПРИМЕНА НА ЗНАЕЊЕТО НА НАТПРЕВАРОТ „РАЗВОЈНИ МИКРОПРОЦЕСОРСКИ СИСТЕМИ“



Заеднички ангажман на Стопанската комора и „Македонија 2025“ за економски раст и развој на државата

Во светот се зголемува дебатата за ефективноста од осумчасовното работно време

Предавање на тема: Странски директни инвестиции - Привлекување и задржување

Денови на отворени врата – студентите на УГД во посета на Џонсон Мети

**28.05.2024, Семинар**
**ПРИМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ ПРИ ЗАВЕДУВАЊЕ НА БАРАЊА ЗА ГОДИШЕН ОДМОР, РЕШЕНИЈА ЗА ГОДИШНИ ОДМОРИ И РЕШЕНИЈА ЗА ПРОПОРЦИОНАЛЕН ДЕЛ ОД ГОДИШНИОТ ОДМОР ПРЕКУ ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ, ИСКУСТВА И СЛУЧАИ ОД ПРАКСА**

**29.05.2024, Семинар**
**Еднодневна онлајн работилница на тема: ВО КОИ СИТУАЦИИ ГОДИШНИОТ ОДМОР СЕ ДОИСКОРИСТУВА ДО 30-ТИ ЈУНИ? ОД КОГА ЗАПОЧНУВА ДА ТЕЧЕ НОВИОТ ОДМОР? КОГА СЕ ПРЕСМЕТУВА ПРОПОРЦИОНАЛЕН ДЕЛ ОД ОДМОР? ДАЛИ РАБОТОДАВАЧОТ ТРЕБА ДА ИСПЛАТИ НАДОМЕСТОК**

**04.06.2024, Семинар**
**„СКЛУЧУВАЊЕ НА ПРОДАЖНИ ПРЕГОВОРИ И НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА“**

**11.06.2024, Семинар**
**ДОГОВОРИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, РАБОТНО ВРЕМЕ, НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕКУВРЕМЕНАТА РАБОТА И ПРЕРАСПОРЕДУВАЊЕ, ГОДИШЕН ОДМОР, НАДОМЕСТ НА ПЛАТА, ДИЛЕМИ ПРИ ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ СО КОИ СЕ СОЧУВАМЕ СО НАЈНОВИТЕ ПРЕДЛОЗИ ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ**

**11.06.2024, Семинар**
**Специјалистички еднодневен семинар: АКВИЗАЦИЈА НА НОВИ КЛИЕНТИ - СТЕКНУВАЊЕТО НА НОВИ ПОТРОШУВАЧИ КАКО КЛУЧНА МОЖНОСТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОДУКТИВНОСТА -**

**11.06.2024, Семинар**
**САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ - ТРАНЗИЦИЈА ОД ISO/IEC 27001:2013 на ISO/IEC 27001:2022**

**12.06.2024, Брокерски настан**
**Деловни средби со физичко присуство „Овозможување на напредок: Индустрија 4.0 во Западен Балкан-12-13 јуни 2024 година, Нови Сад, Р.Србија**

# ПОКРОВИТЕЛИ
## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ПРЕМИУМ Покровители

IGM trade, АЛКАЛОИД СКОПЈЕ, МЕПСО МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР, T, ПЕКАБЕСКО, КОЖУВЧАНКА, MERMEREN Kombinat, vitaminka

### СТАНДАРД Покровители

### СИЛВЕР Покровители

МАКПРОГРЕС, OKTA, ZAN MITREV CLINIC, CROATIA OSIGURANJE, scalefocus, ComfyAngel, Qinshift, HALKBANK, СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ, Duna, Comodita HOME, Swisslion, AllianceOne, SOCOTAB




Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia



## Во светот се зголемува дебатата за ефективноста од осумчасовното работно време



Во светот се згоемува дебатата за ефективноста од осумчасовното работно време, а при тоа се тестираат и ефектите од скратена работна седмица. Република Северна Македонија, се чини е далеку од идејата за скратено работно време. Според претседателката на Центарот за микро, мали и средни претпријатија при Стопанската комора на Северна Македонија, Габриела Кулебанова, причината е ниската конкурентност и дефицитот од кадар.

Г-ѓа Кулебанова во својата изјава дадена при гостувањето на Блумберг Адрија ТВ истакна: „Ние како држава сме најниско на скалилото на продуктивноста во однос на регионот, а да не зборуваме во однос на ЕУ. Во согласност со истражувањата на 'Евростат', македонскиот работник придонесува во само 43 проценти во однос на еден вработен споредено со просекот на ЕУ. Секако, кога зборуваме во однос на продуктивноста ги бараме причините и во самите менаџери на компании и самите вработени, меѓутоа кај нас во последните години имаме еден деформиран вредносен систем, кој мора да го исправиме. Луѓето во светот напредуваа со користење на вештачката интелигенција, а ние уште зборуваме за неквалитетните образовни процеси и диспропорцијата меѓу кадарот што го креира образованието и потребите на стопанството".

Според неа дебатата за скратено работно време или скратена седмица сè уште не е сериозно отворена во земјава, но скептична е дека македонското стопанство би можело да си го дозволи тоа и дека за подобра бизнис-клима и зајакнување на стопанството, на земјава ѝ недостигаат и реформи и резултати во владеењето на правото и борбата со корупцијата, како и воведување ефикасен правен систем без административни бариери што ги кочат компаниите.

# Заеднички ангажман на Стопанската комора и „Македонија 2025“ за економски раст и развој на државата



Стопанската комора и организацијата „Македонија 2025“ заеднички ќе ги поддржат процесите кои ќе значат поголем економски раст, поддршка на компаниите за поголема конкурентност, подобрување на регулативата и на образовниот систем, дигитализација, како професионалниот развој на домашните менаџери. Ова се дел од заклучоците на работната средба меѓу раководствата на двете организации што се одржа денеска во Стопанската комора на Северна Македонија.

Претседателот на Комората, Бранко Азески во изјавата пред медиумите најави заеднички проекти со бизнисот од дијаспората и уште еднаш повика на обединување на сите релевантни фактори во државата за економски просперитет. Потенцираше дека ќе бидат поддржани проекти кои се од круцијално значење за државата, особено во контекст на провлекување на инвестиции кои може да поттикнат економски раст, кој што е слаб изминатите три децении.

„На едукативен план ќе го зголемиме бројот на менаџери од извршните позиции во компаниите кои одат на обуки кај реномираните институции во САД, за да го поттикнеме домашното менаџерство, да придонесе и да се вклопи во меѓународните стандарди. Тоа искуство од организацијата Македонија 2025 е значајно и ќе го искористиме во следниот период. И на крајот имаме неколку предлози кои ќе значат заедничко лобирање за подигнување на степенот на владеење на правото и на пазарната економија и стопирање на сивата економија, од каде средствата ќе се пренаменат за зголемување на конкурентноста на нашите компании.  Се договоривме за наредната година на Самитот да ги поканиме и соседните земјите од Западен Балкан кои настапуваат во рамките на Коморскиот инвестициски форум и кои работата под заедничка платформа на регионалниот пазар“, изјави Азески.

Дополнително тој нагласи дека самоуверености, одговорноста и вербата во себе се трите волшебни зборови што ѝ се потребни на државата за да успее во наредниот период.

Прашањето дали е можно да оствариме раст е грешно, треба да поставиме прашање зошто не можеме, нагласи Мајк Зафировски еден од основачите на „Македонија 2025“.

„Дигитализацијата, инфраструктурата мора да бидат приоритет. Да се зборува е лесно, тоа е барем евтино. Но акцијата и резултатите многу потешко се постигнуваат. Има 50 милиони начини како да се оствари раст, но што ќе ставите како приоритет и како ќе ги искористите ресурсите е многу важно“, кажа меѓу другото Зафировски.

Извршната директорка на „Македонија 2025“, Никица Мојсовска Блажевски истакна дека двете организации делат заедничка визија и идеологија за посилни бизниси и подобро деловно опкружување.

„Наша цел е да создадеме атмосфера каде бизнисите ќе растат, ќе отвораат нови работни места, ќе растат платите, а со тоа и државата ќе оди напред. И ќе стигнеме до онаа посакувана дестинација, а тоа е повисок животен стандард. Со Комората сакаме посилно да соработуваме во областите на професионалниот развој, подобрување на образовниот систем, дигитализација на бизнисите, но меѓутоа исто така на поддршка на дијаспората и искористување на капацитетот, знаењето, можностите за лобирање на дијаспората во насока на побрз развој на економијата. Сите се согласуваме дека економски раст под 5% нема да не однесат до посакуваната дестинација. Заедно треба сите да работиме да постигнеме економски раст над 5% и што е можно побрзо да го зголемите животниот стандард. Се надевам дека така ќе привлечеме и наши од дијаспората да се вратат, тука да живеат и да инвестираат“, истакна Мојсовска Блажевски.

Виктор Мизо, потпретседател на Комората додаде дека постои симбиоза меѓу двете организации, бидејќи голем дел од локалните бизнисмени кои се дел од бордот на Македонија 2025 се активно вклучени и во Стопанската комора или имаат поминато низ едукативните програми на Македонија 2025.

„Ќе ја искористиме оваа заедничка платформа за поддршка на конкурентноста за да привлечеме нови дополнителни инвестиции, за проширување на компаниите кои се веќе тука и да се прелеат кај нас во државата знаењето, искуствата, контактите. Ќе работиме заедно со Владата, без оглед на тоа која партија е на власт, со цел да помогнеме за да може државата да оди напред“, рече Мизо.

„Македонија 2025“ преку своите активности се залага за развој преку поттикнување на соработка и поврзување на македонската дијаспора со бизнис заедницата, академската и политичката заедница.



## ПРАКТИЧНАТА ПРИМЕНА НА ЗНАЕЊЕТО НА НАТПРЕВАРОТ „РАЗВОЈНИ МИКРОПРОЦЕСОРСКИ СИСТЕМИ“




Вредноста на стручното образование се потврдува со компетентноста и применливоста на стручното знаење и вештините во вистинско време на конкретни задачи или во проблемски решенија. Тоа игра клучна улога во интеграцијата на образованието и обуката за обезбедување стручни знаења, развој на вештини и компетенции, како и применливост на стекнатите знаења и вештини и вклучување во процесот на работа, со фокус на технолошките и работните процеси. Низ процесот на стручното образование учениците се оспособособуваат да покажат стручност и да преземат одговорност и самостојност, но и да развиваат свои идеи, да бидат иновативни, креативни и критички да размислуваат.

Практичната примена на знаењето го покажаа учениците на десет средни стручни училишта во кои се изучуваат квалификации од секторот електротехника, кои се натпреваруваа во примена на микропроцесорски системи, односно развој на протипови на автономни возила кои сами се движат и распознаваат бои. Првото, второто и третото место го освоија учениците Христијан Николовски и Петар Божиновски од СОТУ „Ѓорѓи Наумов“- Битола; учениците Марио Димчевски и Сергиј Алексовски на СУГС “Владо Тасевски”- Скопје; учениците Михаил Кузманоски и Марко Петрушевски од СОСУ „Илинден“- Илинден и учениците Христијан Глигуроски и Андреј Недески од СОУ „Ристе Ристески Ричко“- Прилеп.

Натпреварот беше организиран од Факултетот за електротехника и информациски технологии - ФЕИТ и компанијата од областа на електрониката и технологијата Логинг Електроникс ДОО, Скопје. Натпреварот е во рамките на проектот „Технологија за тебе“ кој вклучува и работилници, каде средношколците претставуваат проекти на кои работеле во текот на училишна година.



## ДЕНОВИ НА ОТВОРЕНИ ВРАТА – СТУДЕНТИТЕ НА УГД ВО ПОСЕТА НА ЏОНСОН МЕТИ



Заложбата за градење на стручен и квалификуван високо образован кадар произлезе од бројните консултации со приватниот сектор за потребата од кадар кој поседува практични знаења и вештини кои овозможуваат брзо прилагодување и интегрирање кон работната средина.

Во насока на доближување на идниот човечки потенцијал со работодавачите беа иницирани активностите „Денови на отворена врата“ како еден од приоритетите на Советот за унапредување на високото образование и стратешките истражувања, преку кои се поврзуваат работодавците, факултетите и студентите, за подобро запознавање на студентите со перспективите во одредена компанија или сектор, како иден стручен кадар на пазарот на труд. Во рамки на активноста „Денови на отворена врата“ продолжува циклусот настани „Студентите учат од бизнисот“ кои Стопанската комора на Северна Македонија ги реализира во соработка со Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, кои вклучуваат организирање на мастер-клас предавања од еминентни менаџери и сопственици на компании на одредена теми од областа на лидерство и комуникација, како и студиски посети на компании каде студентите имаат прилика од прва рака да се запознаат со функционирањето на една компанија, можностите за раст и развој, како и со технолошките капацитети на истата.

Домаќин на денешниот настан беше компанијата „Џонсон Мети“ ДООЕЛ Скопје, производство на катализатори за автомобилската индустрија и системи на катализатори за контрола на загадувањето. Студентите претставници од техничките факултети при УГД имаа прилика да се запознаат со еден од најголемите работодавачи во земјата, која воедно е и компанија која со своите извозни активности генерира околу 16 отсто од БДП на Македонија.

Студентите беа запознати и со работните процеси, стандардите и напредната технологија и автоматизација која се применува во еден современ капацитет каков што е фабриката во ТИРЗ Скопје, кои гарантираат производство на компоненти кои имаат висока додадена вредност, а кои понатаму се вградуваат во автомобилите. Едно од три возила во Европа има дел кој е произведен токму во оваа фабрика, односно секој трет автомобил во Европа има печат „Made in Macedonia“.

## Предавање на тема: Странски директни инвестиции - Привлекување и задржување




Во организација на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија се одржа предавање на тема Странски директни инвестиции - Привлекување и задржување, од страна на гостин предавач од Германија,  д-р Мартин Каспар,  специјалист за странски инвестиции и редовен колумнист во fDi Intelligence и Investor Monitor, чиј домаќин беше Виктор Мизо, претседател на Совет на странски инвеститори и Потпретседател на групацијата КОСТАЛ.

Во присуство на преставници од компаниите -странски инвеститори присутни во земјава, претставници од државните инситуции, меѓународни организации, дипломатски претставништва и професионалци кои биле и се инволвирани во процесот на привлекување на странски инвестиции, предавањето беше проследено со голем интерес и отвори дискусија и многу нови прашања поврзани со процесот на привлекување на инвестиции, потребата од стратегија и нови стимулативни мерки за привлекување на СДИ, прашања поврзани со државна помош и грижата за компаниите по инвестирањето, како многу значајна фаза за донесување на одлуки за реинвестирање.

При анализата на СДИ направена од корпоративен и академски апект, д-р Каспар ја потенцираше потребата на континуирано подобрување на инвестициската и бизнис клима во земјата, проактивност и професионализација на институциите кои се занимаваат со СДИ и афтеркер, и одржување на квалитетен однос со инвеститорите заради подобро разбирање на нивните потреби и олеснување на процесот на нивно задржување и раст, т.е реинвестирање.

## АЗЕСКИ ГО ПРИМИ РАКОВОДСТВОТО НА “БЕХТЕЛ И ЕНКА“




На 14.05.2024 година раководството на „Бехтел и Енка“ оствари средба со претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески и неговите соработници.

На состанокот, кој е реализиран на иницијатива на претседателот Азески, заеднички беа истакнати следните поенти:

1. Азески и раководството на „Бехтел и Енка“ разговараа за динамиката за остварување на планираните активности. Притоа од страна на претседателот Азески беше потенцирано дека за нас е многу значајно да завршат на време сите планирани активности бидејќи реализацијата на овој круцијален и најголем инфраструктурен проект е значаен не само за нашата држава туку и за целиот регион па и пошироко.

2. Од страна на раководството на „Бехтел и Енка“ беше подвлечено дека тие во моментот интензивно работат на сите подготвителни работи и теренски истражувања кои се важни за реализација на активностите и дека се во постојана соработка и координација со домашните надлежни институции во врска со тие активности.

3. „Бехтел и Енка“ побара поддршка од Стопанската комора на Северна Македонија во насока на обезбедување на работна сила која за целиот планиран период додека ќе трае реализација на проектот треба да достигне бројка од 4.000 работници (квалификуван кадар-инженери и сл. како и неквалификуван кадар-општи работници).

4. Стопанската комора на Македонија ќе поддржи секакво решение што ќе значи побрза и поквалитетна активност при реализација на овој проект (Коридорите 8 и 10д) со оглед на фактот дека сметаме дека ова е најзначаен инфраструктурен проект во наредните 10 години.

5. Двете страни се договорија и понатаму да ги продолжат контактите со засилено темпо со што би се олеснила реализацијата на овој проект. Во овој дел Комората стои на располагање и во изнаоѓање односно вмрежување со локалните домашни компании кои треба максимално да бидат вклучени при реализација на активностите во сите фази.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
28.05.2024

# ПРИМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ ПРИ ЗАВЕДУВАЊЕ НА БАРАЊА ЗА ГОДИШЕН ОДМОР

Целта на „онлајн"-семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на постапување со барањата и решенијата за годишни одмори на вработени од моментот на нивно создавање, креирање, селектирање и нивно предавање на чување во архива.

Целна група за семинарот:

-директори, раководители на сектори за нормативно-правни работи и човечки ресурси во компаниите, вработени во компаниите задолжени за архивско и канцелариско работење, како и за сите заинтересирани субјекти чиј предмет на работење е поврзан со темите на семинарот, како и за сите оние кои во своите компании и институции сакаат да ги подобрат и да ги унапредат техниките на канцеларискиот и архивскиот работење, да се информираат околу Законот архивски материјал, Уредбата за канцелариско и архивско работење.

Предавач:

-м-р Валентина Тодоровска, магистер по економски науки, специјалност финансиски менаџмент, управител на „Акаунтинг Солушнс" со 25-годишно искуство во областа на архивското работење.



Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
04.06.2024

# СКЛУЧУВАЊЕ НА ПРОДАЖНИ ПРЕГОВОРИ И НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА

При правилното склучување на клиентот се светат очите од задоволство. Кога ќе купи некој од Вашите производи или услуги станува имун за конкуренцијата и ќе започне да Ве препорачува на другите.

За таа цел Стопанската комора на Северна Македонија на 4 јуни 2024 година организира семинар на тема: „СКЛУЧУВАЊЕ НА ПРОДАЖНИ ПРЕГОВОРИ И НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА".

Обуката е наменета за:

- сопственици на компании и управители, кои сакаат нивните компании да растат;
- продавачи, кои сакаат да стекнат вештини за водење на продажна и да заработат повеќе,
- за сите останати кои не сакаат повеќе да импровизираат на продажните состаноци, односно сакаат да достигнат ниво кога клиентот самиот ќе се одлучи да купи кај нив.

Предности на обуката:

- 5 точки на правилниот распоред при склучувањето;
- Обликување на свесно - тактично склучување;
- Преговорите нема да бидат препуштени на случајноста или интуиција, бидејќи ќе течат според точно определено сценарио;
- Ефикасно владеење на изговорите;
- Зголемување на разбирањето и Вашата фокусираност при склучувањето на продажните преговори;
- Зголемување на приходи и ефикасност на продавачите.

Контакт лица:

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

**Семинар 11.06.2024**

## Специјалистички еднодневен семинар: АКВИЗАЦИЈА НА НОВИ КЛИЕНТИ - СТЕКНУВАЊЕТО НА НОВИ ПОТРОШУВАЧИ КАКО КЛУЧНА МОЖНОСТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОДУКТИВНОСТА -

Тренер/предавач на Академијата за продажни вештини

Драгиша Ристовски (D.R. Gilbert) е еден од највлијателните и најплодните автори и тренери на теми поврзани со едукација и развој на човечки ресурси. Под псевдонимот D.R. Gilbert се објавени 23 книги (со дополнителни изданија) кои се преведени на шест јазици и пласирани  преку 200.000 примероци. Во својата кариера имал прилика да одржи повеќе од 3000 обуки, семинари, работилници и конференциски настапи на кои земале учество преку 2500 компании, микро, мали и средни претпријатија од сите индустрии од десетина држави.

Има 30 години искуство во реалниот сектор од извршителски до топ менаџерски функции. Негови експертизи се областите лидерство, продажни вештини, преговарање и мотивација на вработените, а предавањата се на автентичен, исклучително енергичен начин со што константно ги мотивира и охрабрува слушателите.




Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 11.06.2024 - 12.06.2024**

## САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ - ТРАНЗИЦИЈА ОД ISO/IEC 27001:2013 на ISO/IEC 27001:2022

Во ера на дигитализација на работните процеси, дигиталната безбедност и приватноста се соочуваат со растечки предизвици. Оттука, несомнено се наметнува потребата од фокус врз дигиталната безбедност и врз навременото идентификување, пресретнување, како и соодветно и навремено одговарање на ризиците, за да се спречи одреден настан кој би имал негативен исход врз работењето на компанијата.

Компаниите кои се сертифицирани по ISPO/IEC 27001 стандардот за управување со безбедноста на информациите, во насока на обезбедување на континуитет во нивното работење треба да поведат внимание при ресертификација на стандардот, бидејќи истата од 1 мај 2024 година ќе мора да се спроведе според новата верзија ISO/IEC 27001:2022.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија на 11 и 12 јуни 2024 година организира „онлајн“ семинар на тема „САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ - ТРАНЗИЦИЈА ОД ISO/IEC 27001:2013 на ISO/IEC 27001:2022“.

Овој семинар ќе им овозможи на учесниците постепено да се запознаат со барањата на ISO/IEC 27001:2022 кои се разликуваат во однос на барањата на стандардот ISO/IEC 27001:2013, како и со најдобрите практики во рамки на ИТ безбедноста, чекорите кон превенција и заштита, како на ниво на компанија, така и на ниво на поединец.

Некои од прашањата на кои ќе се даде одговор се и како адекватно да се третираат ИТ заканите, кои превентивни и детективни мерки треба да се применат, како да се класифицираат безбедностните ризици и како да се управува со нив, кои се разликите помеѓу ISO/IEC 27001:2013 и ISO/IEC 27001:2022, што се’ носи новата верзија на стандардот и како да се имплементираат барањата кои произлегуваат од стандардот.

Семинарот е наменет за ИТ-менаџери во компании, за раководители и вработени во сектори за управување со усогласеност (compliance) со стандарди и регулаторни барања, ИТ служби и служби за безбедност на информациониот систем, одговорни лица за заштита на деловните податоци и управување со оперативните ризици, интерни и екстерни ревизори, лица задолжени за креирање и контрола на ИТ договори и следење на ризици над екстернализираните ИТ процеси, вработени кои работат на развој на софтвер, деловни и клиентски апликации.

Контакт лица:

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

**Семинар 12.06.2024**

# КОМУНИКАЦИЈА ЗА УСПЕХ, РАЗРЕШУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИ И СТРЕС МЕНАЏМЕНТ НА РАБОТНОТО МЕСТО

Опис на програмата:

Еднодневен семинар со неколку практични работилници за: комуникација и комуникациски вештини во бизнис средина, поттикнување подобри релации во тимот и разрешување на конфликти во тимот, со клиентите и меѓу партнерските односи, менаџирање на стресот и анксиозноста на работното место и техники за нивно надминување со цел постигнување успешни резултати во работата.

Обуката е наменета за:

Сопственици на бизнис, раководители, тим лидери, членови на тимови и лица кои имаат секојдневна интеракција со членови на тимот, клиенти, партнери или поголеми групи на луѓе.

Програма и теми на обуката:

- Комуникација, вештини за комуникација и прилагодување на комуникацијата за различни потреби во малите и средни бизниси, вклучувајќи ги вработените, клиентите и партнерите;
- Подобрување на вештините за презентација;
- Емоционална интелигенција, емоционална и социјална интелигенција во комуникацијата, самосвест и социјални вештини за изградување стабилни односи;
- Вербална и невербална комуникација, техники и говор на телото;

Предавачи:

Леа Ефтимовска - Тренинг менаџер по бизнис администрација во Олив Џобс со 15 годишно искуство во настава, обука и развој во интернационални компании и различни индустрии и бизниси.

Стела Пијанманова Стојаноска – Проект координатор со 23 години искуство во реализација на меѓународни проекти, настани, односи со јавност, презентирање, стрес менаџмент и комуникација, бизнис администрација. Магистрант по Клиничка психологија.

Контакт лица:

| | |
|---|---|
| м-р Михајло Донев | м-р Анита Митревска |
| ++ 389 2 3244067 | ++ 389 2 3244057 |
| Mihajlo@mchamber.mk | anita@mchamber.mk |



**Конференција 13.06.2024**

# Конференција и деловни средби: Продлабочување на економската соработка меѓу Грција и Северна Македонија

Согласно приоритетите на годишната програма на Асоцијацијата на Балкански комори за продлабочување на регионалната економска соработка, Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Трговско-индустриската комора на Солун, а во рамки на Проектот: "Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција", кој се спроведува во партнерство со УСАИД, Ве поканува да земете учество на конференцијата и деловните средби кои ќе се одржат на 13 јуни 2024 година, во Солун, Р.Грција.

Целта на посетата на македонската бизнис делегација и организирањето на билатералните деловни средби е понатамошно интензивирање на економските релации помеѓу двете земји, како и воспоставување нови, повисоки облици на соработка, осознавање на заедничките деловни интереси, развивање на идни партнерства помеѓу компаниите од повеќе различни сектори согласно пројавениот интерес.

На настанот свои обраќања ќе имаат претседателите на двете стопански комори во рамките на планираната конференција за перспективите за забрзување на транспортот и трговијата во регионот, по што ќе следат директни средби помеѓу македонските и грчките компании.

Настанот ќе се одржи на 13 јуни 2024 година (четврток), со почеток во 13:00 часот по локално време, во просториите на Трговско-индустриската комора на Солун, адреса: Tsimiski 29 - 546 24 Thessaloniki.

Учеството на деловните средби е без надомест,трошоците за хотелско сместување ќе бидат покриени од страна на Проектот, додека превозот е во сопствена организација на учесниците, на нивен трошок. Можноста за покривање на трошоците за хотелското сместување е ограничена за едно лице од компанија и тоа за максимум 25 компании по принципот прв дојден-прв услужен.

Лице за контакт: Влатко Стојановски, е-адреса: vlatko@mchamber.mk

Контакт лица:

| | |
|---|---|
| м-р Михајло Донев | м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова |
| ++ 389 2 3244067 | ++ 389 2 3244074 |
| Mihajlo@mchamber.mk | beti@mchamber.mk |

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ISO 9001:2015

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

102 *години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088